ФИКТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола
Бр. 03-413/1
09.07 2026 год.
Битола

Република Северна Македонија | Republic of North Macedonia
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Ministry of Energy, Mining and Mineral Resources

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr. 02-985/1
09.07.2026 год.viti
Скопје-Shkup

Склучен на ден 09.07 2026 година помеѓу:

1. **Универзитет „Св.Климент Охридски" во Битола, Факултет за информатички и комуникациски технологии,** со седиште на ул. Партизанска бб 7000 Битола, застапуван од деканот проф. д-р Благој Ристевски (во понатамошниот текст: Факултетот)
   и
2. **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини,** со ЕМБС 7769873 со седиште на ул. Македонија бр. 27, застапувано од министер Сања Божиновска (во понатамошниот текст: Министерството)

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Меморандум за соработка се утврдува рамка за соработка меѓу страните за работи од заеднички интерес поврзани со искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредување на едукативните, истражувачките и апликативните активности, преку кои се реализира соработката.

**Облици и начин на соработка**

**Член 2**

Договорните страни се согласни соработката да се остварува кога е возможно преку следните активности:

- зајакнување на контактите и дијалогот меѓу Министерството и Факултетот;
- соработка на студентски проекти;
- организирање на обуки, работилници, конференции и размена на искуства;
- организирање на заеднички хакатони;
- организирање и спроведување на апликативни проекти и взаемна размена на податоци и информации;
- стручна, научна и техничка поддршка во изготвување на експертски анализи согласно на потребите на страните;
- консултативни активности;
- размена на експерти и предавачи заради одржување на стручни предавања, обуки и советувања;
- формирање експертски тимови за изработка на научно-истражувачки и апликативни проекти;
- вклучување на двете страни во проектни активности од взаемен интерес;
- развој и имплементација на пилот-проекти, прототипи, дигитални алатки и софтверски решенија од взаемен интерес;
- други области од заеднички интерес заради кои се заснова соработката.

**Координација и реализација**

**Член 3**

Потписниците на Меморандумот по потреба ќе комуницираат по однос на прашања поврзани со остварување на целите на Меморандумот како и за другите дополнителни акти што би произлегле од истиот.

**Важност на Меморандумот**

**Член 4**

Овој Меморандум се склучува за период од 2 (две) години од денот на потпишувањето.

**Финансиски одредби**

**Член 5**

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви правни и финансиски обврски за страните и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

**Заштита на личните податоци**

**Член 6**

Сите информации, податоци и документи разменети помеѓу страните во рамките на овој Меморандум ќе се сметаат за доверливи, освен доколку поинаку не е договорено во писмена форма. Истите не смеат да бидат објавени или доставени на трети лица без претходна писмена согласност од другата страна, освен кога тоа е законска обврска.

**Дополнувања и прекин**

**Член 7**

Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат во писмена форма, со потпишување на Анекс на Меморандумот.

Двете страни можат да го раскинат овој Меморандум со достава на писмено известување до другата страна, доколку другата страна не се придржува до неговите одредби и ако престане потребата од меѓусебна соработка, истиот се смета за раскинат по истекот на 5 дена од денот на приемот на писменото известување.

**Член 8**

Секоја форма на соработка предвидена со Меморандумот, по поднесено барање на една од договорните страни, ќе биде регулирана со посебен договор со кој ќе се уредат правата и обврските на двете страни.

**Член 9**

При извршување на своите обврски и активности, страните се обврзани да работат совесно и одговорно, со примена на своите знаења и работно искуство, а согласно утврдена деловна етика, со што ќе придонесат за успешно реализирање на соработката.

**Завршни одредби**

**Член 10**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Евентуалните спорови од меѓусебните односи од соработката кои би настанале со примена на овој Меморандум, страните ќе ги решаваат спогодбено и на пријателски начин.

**Член 11**

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) примероци и секоја од договорните страни задржува по 2 (два) примероци.

| | |
|---|---|
| **Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола** | **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини** |
| Декан | Министер |
| Проф. д-р Благој Ристевски | Сања Божиновска |